Број 7 Година XV

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, април 2021

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055-902
www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2021 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2021 година, донесена на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/1**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1; член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 ), член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20) и Програмата за урбанистичко планирање за 2021 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/20), Советот на Општина Карпош, на педесет и петата седница, одржана на 9 април 2021 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2021 година**

**I.** Во Програмата за урбанистичко планирање за 2021 година („Службен гласник на Општина Карпош” бр.24/20), во главата III. **ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ,** по точка 42 се додаваат нови точки 43, 44 и 45 кои гласат:

43. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗАЧЕТВРТ Ј 04
44. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ Ј 02
45. ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС 15, БЛОК 01

II. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-2334/4**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа образованието за 2021 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа образованието за 2021 година, донесена на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/2**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 ) и Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2021 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.24/2020“), Советот на Општина Карпош, на педесет и петтата седница, одржана на 9 април 2021 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа образованието за 2021 година**

**Член 1**

Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2021 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2020), во точка II. Проектни активности се врши изменување и дополнување на точка 10. Доделување на награди за најдобар наставник/стручен соработник.

Во точка 10. Доделување на награди за најдобар наставник/стручен соработник се менува третиот пасус “Наградениот наставник/стручен соработник добива парична награда во висина од 30.000 денари“ и ќе се замени со “Наградените наставници/стручни соработници добиваат парична награда во висина од 30.000 денари и тоа: 10.000 денари за најдобар одделенски наставник, 10.000 денари за најдобар предметен наставник и 10.000 денари за најдобар стручен соработник“

Предвидената финансиска рамка не се менува, односно останува 35.000,00 денари.

По изменувањето и дополнувањето точката 10. гласи Доделување на награди за најдобар наставник/ стручен соработник

| **10.** | **Доделување на награди за најдобар наставник / стручен соработник**<br>**Реализатор: Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општина Карпош континуирано ги мотивира, и стимулира најдобрите наставници / стручни соработници и наградува. По повод 24 Мај-Ден на сесловенските просветители Свети Кирил и Методиј, Општина Карпош објавува јавен оглас за најдобар наставник/стручен соработник вработен на неопределено работно време во општинските основни училишта.<br>Целокупната документација од кандидатот се доставува преку архива до Одделение за образование, Комисија за спроведување на постапката за доделувањње награда за најдобар наставник/ стручен |

| | |
|---|---|
| | соработник на Општина Карпош, која е претходно формирана од Градоначалникот на Општина Карпош.<br>Наградените наставници/стручни соработници добиваат парична награда во висина од 30.000 денари и тоа: 10.000 денари за најдобар одделенски наставник, 10.000 денари за најдобар предметен наставник и 10.000 денари за најдобар стручен соработник<br>Изборот на најдобриот наставник/стручен соработник го врши комисија составена од 7 (седум) членови и тоа: 5 (пет) членови од Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) членови од општинската администрација . |
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта е наставниците / стручните соработници да се наградат за нивниот успех и постигнатите резултати, како и мотивирање за понатамошно напредување и залагање во осовременувањето на воспитно-образовниот процес. |
| **Очекувани резултати:** | Стимулиирање на натпреварувачки дух меѓу наставниците<br>Мотивирање за учество на разновидни натпревари (општинско,регионално, државно и меѓународно ниво)<br>Мотивација за поголемо ангажирање и посветеност на работата. |
| **Целна група:** | Наставен кадар / стручни соработници од општинските основни училишта во Општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **35.000.00 денари** |
| **Трошоци** | Човечки ресурси, оперативни трошоци, дирекни трошоци. |

**Вкупна предвидена финансиска рамка: 9.445.000,00 останува непроменета.**

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 9.445.000,оо денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2021 година.

За активностите од обласа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2021 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски

## IV. Завршни одредби

Одделението за образование со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените

активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2334/5**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Програма за изградба на спортска сала-затворен пливачки базен, Општина Карпош, Скопје**

1. Се објавува Програмата за изградба на спортска сала-затворен пливачки базен Општина Карпош, Скопје, донесена на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/3**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 18 од Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење (Службен Весник на Р.М. бр.51/15) и член 74, став 8 од Законот за градење (Службен Весник на Р.М. бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16), Советот на Општина Карпош, на педесет и петата седница, одржана на 9 април 2021 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ИЗГРАДБА НА СПОРТСКА САЛА – ЗАТВОРЕН ПЛИВАЧКИ БАЗЕН ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ

### ВОВЕД
Изработката на Програма за изградба на спортска сала – затворен пливачки базен, Општина Карпош, Скопје, е законска обврска согласно член 18 од Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење (Службен Весник на Р.М. бр.51/15) донесен согласно член 74, став 8 од Законот за градење (Службен Весник на Р.М. бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16).

### ЦЕЛИ
Основна цел за изработување на Програма за изградба на спортска сала – затворен пливачки базен, Општина Карпош, Скопје, е да овозможи реална организација на просторот, кој ќе доведе до подобрување на условите за развој на спортот во Општина Карпош и спортски активности на жителите.

### ПРОГРАМСКИ БАРАЊА
Со Програмата се предвидуваат градби кои не се предвидени со урбанистички план односно Урбанистичко планска документација. Програмата содржи податоци за утврдена површина за градење на спортско игралиште кое притоа не ја нарушува урбанистичката концепција и параметри на веќе изградените објекти и простори и овозможува безбедно движење на сите корисници.

Програмата содржи:
-Општи услови
-Посебни услови и
-Графички прилог со приказ на предметниот простор, постојна и планирана состојба.

Изработката на оваа Програма за изградба на спортска сала – затворен пливачки базен, Општина Карпош, Скопје, е по барање на Нарачателот Општина Карпош, и истата е дел од потребната документација за изведување на Затворени пливачки базени за кои е дадена можност да се изготви истата.

**КОНЦЕПТ И ОРГАНИЗАЦИЈА**

Бидејќи за просторот за изградба на спортска сала – затворен пливачки базен, Општина Карпош, Скопје, нема постоечка планска документација, за истиот се предвидува намена Затворен пливачки базен, кој е во согласност со потребите на Општина Карпош. При планирање да се почитува изведената сообраќајна мрежа. Да се почитува постоечката инфраструктурна мрежа и за истата да се обезбеди заштитен коридор, а доколку инфраструктурата поминува низ приватно земјиште, истата да се измести на јавна површина. Да се почитува постоечката сопственост на земјиштето. Да се почитува стекнатото право на пристап до парцелата. Паркирањето ќе се одвива на јавна површина, која што се наоѓа на северната страната од парцелата.

Програмата е изработена од Друштво за трговија и услуги „БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ Скопје.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Карпош.

**Број: 09-2334/6**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ССИ 03 блок 02, Општина Карпош и Општина Бутел, Скопје**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ССИ 03 блок 02, Општина Карпош и Општина Бутел, Скопје, донесена на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/4**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 39, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18"), во врска со член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.21/2020), а врз основа на Согласност архивски број 24-1640/2 од 25.02.2021 година дадена од Министерство за транспорт и врски на РСМ-Сектор за уредување на просторот, Советот на Општина Карпош, на педесет и петата седница одржана на 9 април 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ССИ 03 блок 02, Општина Карпош и општина Бутел, Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за Градска четврт ССИ 03 блок 02, Општина Карпош и општина Бутел, Скопје. Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Деталениот урбанистички план е дефиниран помеѓу;

- на **север** се движи по осовината на градската магистрална улица „Словенија“ (В.03-С.05), како што е планирана со ГУП на Град Скопје 2012-2022,
- на **исток** се движи по осовината на новопланираните сервисни улица „1804“ (С3) и „1811“ (С6), како што се планирани со РП на ГУП на град Скопје (2012–2022) за градска четврт ССИ 03 (2018 – 2022),
- на **југ** и на **запад** се движи по осовината на транзитната магистрална улица бул. „Никола Карев“ (В.03-В.04), како што е планирана со ГУП на Град Скопје 2012-2022.

Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно 348314,9753m², односно **34,831ha**.

**Член 3**

Со Планот опфатот е конципиран во една целина со вкупно 34 градежни парцели Намената на градежните парцели е:

- А2 - Домување во станбени згради, со компатибилни намени,
- Б2 – Големи трговски единици, со компатибилни намени,
- Б5 – Хотелски комплекси,
- В1 – Образование и наука /Основно и средно училиште/,
- В2 – Здравство и социјална заштита /Детска градинка/,
- В4 – Државни институции /МВР/,

- Е2 – Комунална супраструктура /Препумпна станица за водовод/,
- Е2 – Комунална супраструктура /Технички преглед на возила/,
- Е2 – Комунална супраструктура /Бензинска пумпна станица/,
- Е2 – Комунална супраструктура /Гасоводна М.Р.С./ и
- Е2 – Комунална супраструктура /Трафостаници/.

Покрај градежните парцели, се планираат и наменски зони како земјиште за општа употреба со следниве основни класи на намена:

- Д1 – Парковско зеленило,
- Д2 – Заштитно зеленило и
- Е1 – Комунална инфраструктура /Сообраќајни површини/.

Со планот се одредени

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објектот /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
-намена на објектот,
-максимална висина на објектот / до завршниот венец / од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел ,
- Графички прилози
- Основни параметри за уредување на просторот о
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2334/7**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за давање согласност за започнување постапка за давање под закуп на дел од Адреналински парк-Карпош (High rope)-Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за започнување постапка за давање под закуп на дел од Адреналински парк-Карпош (High rope)-Општина Карпош, донесена на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/5**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на педесет и петтата седница, одржана на 9 април 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за започнување постапка за давање под закуп на дел од Адреналински парк-Карпош (High rope)-Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност и се определуваат условите за давање под закуп на дел од Адреналинскиот парк - Карпош (High rope) кој е изградени во Општина Карпош и чиј што сопственик е Општина Карпош.

**Член 2**

Предмет на давање под закуп е (Адреналинскиот дел од паркот) High rope изградени на локалитет во Општина Карпош на потегот помеѓу ул. „Љубљанска крак“ и бул.„Илинден“, КО Карпош, на дел од КП 684 и 685, со димензии 80 х 20 со површина од 1600 $м^2$.

**Член 3**

Општина Карпош дел од Адреналинскиот парк - Карпош (High rope) може да го дава под закуп под услови и на начин утврден со закон и со оваа одлука.

**Член 4**

Дел од Адреналинскиот парк - Карпош (High rope) може да се даваат под закуп на правни лица регистрирани за соодветната дејност и евидентирани во соодветен надлежен регистар.

**Член 5**

Дел од Адреналинскиот парк - Карпош (High rope) се дава под закуп со јавно наддавање или со постапка за прибирање на понуди, врз основа на објавен Оглас за давање под закуп на дел од Адреналинскиот парк - Карпош (High rope) во сопственост на Општина Карпош, кој го објавува општината. Почетната цена не смее да биде помала од 0.5% од проценетата вредност на High rope која изнесува 13.554.172 денари, утврдена согласно проценка изготвена од овластен проценител.

Огласот од став (1) на овој член содржи особено:

- дефинирање, односно прецизно определување на просторот што ќе се издава под закуп,
- намената за која просторот ќе се дава,
- времетраењето и начинот на издавање,
- рамка висината на закупнината,
- други прашања во врска со издавањето.

**Член 6**

Постапката по јавниот оглас за избор на најповолен понудувач, ќе ја спроведе Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Карпош, по предходно утврдени критериуми.

**Член 7**

За просторот предмет на закупот, општината и закупецот склучуваат писмен договор со кој се утврдуваат меѓусебните права, обврски и одговорности што произлегуваат од предметот на договорот.
Договор за закуп особено содржи:

- страни на договорот,
- предмет на договорот,
- намената за која се дава просторот,
- времетраење на закупот од 4 години,
- цена и начин на плаќање,
- обврски на закупецот согласно намената на просторот,
- обезбедување на побарувањата од договорот,
- услови за раскинување на договорот,
- други прашања од значење за реализацијата на договорот, согласно закон.

Во текот на зимските месеци, кога временските услови предизвикуваат законски ограничувања за работа на Адреналинскиот парк, Закупецот не плаќа месечна закупнина.
За месеците кога Адреналинскиот парк нема да работи, Закупецот има обвсрка да обезбеди чување на објектот, да врши редовно одржување на објаектот и да ги подмири сите евентуални настанати трошоци за објектот.

**НАМЕНА НА ПРОСТОРОТ**

**Член 8**

Просторот – предмет на закуп може да се закупи исклучиво за намената за која што е изграден – High rope.

**Член 9**

Закупецот е должен дел од Адреналинскиот парк - Карпош (High rope) и опремата да ја користи со внимани во духот на добар домаќин, истите да ги одржува и да врши редовно одржување на истите.
Закупецот е должен да положи депозит за покривање на претпоставена штета што може да биде причинета при користење на терените.

**НАДЗОР**

**Член 10**

Надзор над спроведување на оваа одлука врши Одделението за култура и спорт при Општина Карпош.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 11**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2334/8**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за определување на финансиска помош за оперативен зафат**

1. Се објавува Одлуката за определување на финансиска помош за оперативен зафат, донесена на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/6**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002) и Барањето еднократна помош за операција бр.11-1701/1 од 04.03.2021 година, Советот на Општина Карпош, на педесет и петата седница, одржана на 9 април 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за определување на финансиска помош за оперативен зафат**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето за финансика помош за оперативен зафат, доставено од Стојан Алексов, бр.11-1701/1 од 04.03.2021 година.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 60.000,00 (шессет илјади) денари кои ќе се исплатат еднократно и се обезбедена во Буџетот на Општина Карпош за 2021 година.

**Член 3**

Врз основа на оваа одлука, Општина Карпош и барателот на финансиската поддршка Стојан Алесков имаат обврска да потпишат Договор.

**Член 4**

Барателот Стојан Алексов се обврзува средствата доделени од Општина Карпош, утврдени во член 2 на овој Договор да ги користи наменски за оперативен зафат.

**Член 5**

Стојан Алексов е должен до општината да достави деталeн финансиски извештај за потрошените средства, со спецификација за вкупните трошоци, кои во прилог ќе ги содржи следните документи: фактури со сметкопотврди и/или фискални сметки со сметко потврди и/или завршни ситуации и други документи кои се однесуваат на реализирани плаќања во врска со доделената финансиска помош.

**Член 6**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2334/9**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за одобрување финансиски средства како финансиска помош за лекување во странство на Марко Шпетков**

1. Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства како финансиска помош за лекување во странство на Марко Шпетков, донесена на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/7**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 9; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002) и Барањето еднократна помош бр.54-1690/1 од 04.03.2021 година, Советот на Општина Карпош, на педесет и петата седница, одржана на 9 април 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување финансиски средства како финансиска помош за лекување во странство на Марко Шпетков**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува барањето за финансиски средства како помош за болничко лекување во странство, бр. 54-1690/1 од 04.03.2021 година, доставено од Емилија Богеска Шпеткова, ул.Никола Парапунов бр.11/1-41, Скопје- Карпош.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука во вкупен износ од 100.000,00 (сто илјади) денари да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2021 година.

**Член 3**

Врз основа на оваа одлука, Општина Карпош и барателот на финансиската поддршка Емилија Богеска Шпеткова имаат обврска да потпишат Договор.

**Член 4**

Барателот Емилија Богеска Шпеткова се обврзува средствата доделени од Општина Карпош, утврдени во член 2 на овој Договор да ги користи наменски.

**Член 5**

Барателот е должен до општината да достави детален финансиски извештај, со спецификација за вкупните трошоци, кои во прилог ќе ги содржи следните документи: фактури и/или фискални сметки и/или завршни ситуации и други документи кои се однесуваат на реализирани плаќања во врска со доделената финанаиска помош.

**Член 6**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да донесе решение за исплата на средствата од Буџетот на Општина Карпош за 2021 година.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2334/10**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за одобрување финансиски средства на „Здружение на психотерапија и едукација АМИГДАЛА“, за изготвување и реализација на проектот од областа на детска, социјална и здравствена заштита „Превентивна програма за работа со деца во градинки за надминување на последиците од разводот на родителите“**

1. Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства на „Здружение на психотерапија и едукација АМИГДАЛА“, за изготвување и реализација на проектот од областа на детска, социјална и здравствена заштита „Превентивна програма за работа со деца во градинки за надминување на последиците од разводот на родителите“, донесена на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/8**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со дел II, Проектни активности, точка 6. Превентивна програма за работа со деца во градинки за надминување на последиците од разводот на родителите од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска,социјална и здравствена заштита за 2021 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.24/2020), Советот на Општина Карпош, на педесет и петата седница, одржана на 9 април 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**одобрување финансиски средства на „Здружени на психотерапија и едукација АМИГДАЛА“, за изготвување и реализација на проектот од областа на детска,социјална и здравствена заштита**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува предлог проектот „Превентивна програма за работа со деца во градинки за надминување на последиците од разводот на родителите ‘‘ со број 54-917/1 од 05.02.2021 година, доставен од **Здружение на психотерапија и едукација АМИГДАЛА**, со која се одобруваат финансиски средства за реализација на проекти од областа на детска социјална и здравствена заштита, од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската социјалната и здравствената заштита за 2021 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.24/2020).

**Член 2**
За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 170.000,00 (сто седумдесет илјади) денари.

**Член 3**
Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2021 година од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска,социјална и здравствена заштита за 2021 година.

**Член 4**
Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука и да потпише Договор за одобрување на финансиски средства со **Здружение на психотерапија и едукација АМИГДАЛА.**

**Член 5**
Се задолжува барателот **Здружение на психотерапија и едукација АМИГДАЛА** до Одделението за детска,социјална и здравствена заштита при Секторот за дејности од јавен интерес да достави Извештај по реализираниот проект врз основа на усвоена Одлука на Советот и Договор потпишан од Градоначалникот. Составен дел на Извештајот е финансискиот извештај и докази (финансиски документи) за потрошените средства.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2334/11**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје, донесено на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/9**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), а во врска со член 60, став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“бр.23/2013, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15 и 150/15,192/15,27/16,163/17,21/18 и 198/18), Советот на Општина Карпош, на педесет и петата седница, одржана на 9 април 2021 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје**

1. Се дава согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитетот и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитетот во јавната установа општинска детска градника „Мајски Цвет“, Карпош-Скопје, бр.02-180/8 од 23.12.2021 година, донесена од претседателот на управниот одбор на јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“-Општина Карпош-Скопје.
2. Оваа согласност мора да биде усогласена со протоколите за работа во услови на пандемија предизвикана од Ковид-19 и не важи додека протоколите се во законска сила, односно не важи додека трае панедмијата предизвиката од Ковид 19.
3. Решението да се достави до јавната установа општинска детска градника „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје.
4. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-2334/12**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје, донесено на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/10**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), а во врска со член 60, став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“бр.23/2013, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15 и 150/15,192/15,27/16,163/17,21/18 и 198/18), Советот на Општина Карпош, на педесет и петата седница, одржана на 9 април 2021 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје**

1. Се дава согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитетот и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитетот во јавната установа општинска детска градника „Орце Николов“, Карпош-Скопје, бр.02-43/5 од 26.02.2021 година, донесена од претседателот на управниот одбор на јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“-Општина Карпош-Скопје.
2. Оваа согласност мора да биде усогласена со протоколите за работа во услови на пандемија предизвикана од Ковид-19 и не важи додека протоколите се во законска сила, односно не важи додека трае панедмијата предизвиката од Ковид 19.
3. Решението да се достави до јавната установа општинска детска градника „Орце Николов“ Карпош-Скопје.
4. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-2334/13**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Карпош-Скопје, донесено на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/11**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), а во врска со член 60, став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“бр.23/2013, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15 и 150/15,192/15,27/16,163/17,21/18 и 198/18), Советот на Општина Карпош, на педесет и петата седница, одржана на 9 април 2021 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Карпош-Скопје**

1. Се дава согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитетот во јавната установа општинска детскаградника „Пролет“, Карпош-Скопје, бр.02-73/3 од 26.02.2021 година, донесена од претседателот на управниот одбор на јавната установа општинска детска градинка „Пролет“-Општина Карпош-Скопје
2. Оваа согласност мора да биде усогласена со протоколите за работа во услови на пандемија предизвикана од Ковид-19 и не важи додека протоколите се во законска сила, односно не важи додека трае панедмијата предизвиката од Ковид 19.
3. Решението да се достави до јавната установа општинска детска градника „Пролет“ Карпош-Скопје.
4. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-2334/14**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Карпош-Скопје, донесено на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/12**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), а во врска со член 60, став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“бр.23/2013, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15 и 150/15,192/15,27/16,163/17,21/18 и 198/18), Советот на Општина Карпош, на педесет и петата седница, одржана на 9 април 2021 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Карпош-Скопје**

1. Се дава согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитетот во јавната установа општинска детска градника „Распеана Младост“, Карпош-Скопје, бр.02-32/17 од 25.02.2021 година, донесена од претседателот на управниот одбор на јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“-Општина Карпош-Скопје.
2. Оваа согласност мора да биде усогласена со протоколите за работа во услови на пандемија предизвикана од Ковид-19 и не важи додека протоколите се во законска сила, односно не важи додека трае панедмијата предизвиката од Ковид 19.
3. Решението да се достави до јавната установа општинска детска градника „Распеана Младост“ Карпош-Скопје.
4. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-2334/15**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-детска градинка „Малиот Принц“ Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-детска градинка „Малиот Принц“ Скопје, донесено на педесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/13**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002); член 148, член 190, член 191, член 192, член 193 од Деловникот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.03/06; член 19, став 7 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18; “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19 и 311/20) и Барањето за давање согласност на Статутот за приватна установа за деца-детска градинка„Малиот Принц“ бр.09-2294/1 од 31.03.2021 година, Советот на Општина Карпош, на педесет и петтата седница, одржана на 9 април 2021 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-детска градинка „Малиот Принц“ Скопје**

1. Се дава согласност на Статутот на приватната установа за деца-детска градинка „Малиот Принц“ Скопје од март 2021 година седиште на ул.„Јуриј Гагарин“бр.64 б, 1/1 населба Козле, Скопје, донесен од основачите Настасија Штерјова со живеалиште ул.Ѓорче Петров 131а Скопје и Михаела Штерјова со живеалиште ул.Радика бр.5 1-1/4 Скопје, а врз основа на Одлуката за давање одобрение за основање на приватна установа за деца-детска градинка „Малиот Принц“-Скопје донесена од Владата на Република Северна Македонија бр.40-3018/1 од 23 март 2021 година и Решението за вршење на дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна воздраст бр.11-2745/1 од 30.03.2021 година, донесено од Министерството за труд и социјална политика.
2. Решението да се достави до основачот Приватна детска градинка „Малиот Принц“ , со седиште на ул.„Јуриј Гагарин“бр.64 б, 1/1 населбата Козле, Скопје.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Карпош”

**Број: 09-2334/16**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Којдан Чернодрински“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Којдан Чернодрински“, Општина Карпош-Скопје, донесено на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/14**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1, точка 8, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 106, став 2 и член 176 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2019 и 229/20), а во врска со Барањето бр.09-2111/1 од 23.03.2021, Советот на Општина Карпош, на песедесет и петата седница, одржана на 9 април 2021 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се разрешува претставникот предложен од основачот Општина Карпош, а именуван/верификуван од Советот на Општина Карпош со Решение бр.09-3199/33 од 23.04.2018 година, од член на Училишниот одбор на општинското основно училиште “Војдан Чернодрински” - Скопје поради истек на мандатот и тоа:
- Лефка Пејоска

2. За член на училишниот одбор предложен од основачот Општина Карпош, Советот на Општина Карпош го именува/верификува:
- Вера Мешков

3. Се задолжува Одделението за образовние да го достави овие решение до ООУ „Војдан Чернодрински“, еден за училиштето и за разрешениот и именуваниот/верификуваниот член.

4. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2334/17**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за формирање на Комисија за подготовката на стратешки документ Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество на општината за Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО)**

1. Се објавува Решението за формирање на Комисија за подготовката на стратешки документ Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество на општината за Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО), донесено на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/15**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Службен весник бр.05/2002, а согласно Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО) и Македонски центар за граѓанско образование, Советот на Општина Карпош, на педесет и петата седница, одржана на 9 април 2021 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за номинирање и верификација на членови за формирање на Комисија за изработка на Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието (МИО) и младинско учество на Општина Карпош за Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО)**

1. Со оваа Решение, Советот на Општина Карпош, за членови на Комисијата за изработка на Стратегија за МИО и младинско учество ги номинира-верификува следните лица:

1. Од Совет на Опптина Карпош
   - Зејнел Куч
   -Даниела Штерјова
2. Од Општина Карпош
   -Емилија Арсовска ( раководител на Одделение за образование)
   -Александра Теова (пом. раководител на сектор Локален економски развој)
3. Од СИТ-тим на ООУ„Аврам Писевски“
   - Матилда Бајкова (директор на ООУ„Аврам Писевски“)
4. Од СИТ-тим на ООУ„Братство“
   - Афердита Салиу ( одделенски наставник)
5. Од СИТ-тим на ООУ„Владо Тасевски“
   - Ангелина Костова (предметен наставник)
6. Од СИТ-тим на ООУ„Вера Циривири Трена“
   - Ана Видоевска Динева (одделенски наставник)
7. Од СИТ-тим на ООУ„Војдан Чернодрински“
   - Елизабета Милева Бакија (одделенски наставник)
8. Од СИТ-тим на ООУ„Димо Хаџи Димов“
   Маја Мешова (претставник од Совет на родители)
9. Од СИТ-тим на ООУ„Јан Амос Коменски“
   -Мирјана Филев (претставник од Совет на родители)
10. Од СИТ-тим на ООУ„Лазо Трповски“
    - Соња Јовановска (директор на ООУ„Лазо Трповски“)
11. Од СИТ-тим на ООУ„Петар Поп Арсов “
    -Гордана Мисајловска (одделенски наставник)
12. Од СИТ-тим на ООУ„Христијан Тодоровски Карпош“
    - Ленче Алаџајкова (предметен наставник)
    -

2. Лицата номинирани од член 1 на оваа Решение преку Комисијата за изработка на Стратегија за МИО и младинско учество ќе учествуваат во изготвувањето и унапредувањето на планирање, поддршка, реализација и следење на активностите за меѓуетничка кохезија и младински иницијативи во образовните институции во Општина Карпош, како и изработка на Стратегија за МИО и младинско учество. Комисијата за изработка на Стратегија за МИО и младинско учество се формира за период од четири години.

3. Стратегијата за МИО и младинско учество ќе содржи акционен план кој ќе содржи активности за МИО и младинско учество, заснован на елементите од годишните планирања на училиштата.

4. Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да донесе Решение за формирање Комисија за изработка на Стратегија за МИО и младинско учество

5. Примерок од решението да се достави до Градоначалникот на Општина Карпош и до сите членови на Комисијата за изработка на Стратегија за МИО и младинско учество

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број: 09-2334/18**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за објавување на јавен повик за најдобро уреден ЕКО-училишен двор/катче на основните општински училишта од територија на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за објавување на јавен повик за најдобро уреден ЕКО- училишен двор/катче на основните општински училишта од територија на Општина Карпош, донесена на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/16**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) а во врска со дел II.Проектни активности, Точка 12. Награди за најдобро уреден ЕКО-училишен двор од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2021 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2020),Советот на Општина Карпош, на педесет и петата седница, одржана на 9 април 2021 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за објавување на јавен повик за најдобро уреден ЕКО- училишен двор/катче на основните општински училишта од територија на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување на постапка за објавување на Јавен повик за најдобро уреден ЕКО-училишен двор/катче на основните општински училишта од територија на Општина Карпош за 2021 година.

**Член 2**

Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по јавен повик за избор за најдобро уреден ЕКО-училишен двор/катче на основните училишта од територија на Општина Карпош за 2021 година, објавен на официјалната веб-страна на Општина Карпош.

**Член 3**

Постапката за избор на најдобро уреден ЕКО-училишен двор/катче на основните училишта од територија на Општина Карпош за 2021 година ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош, според наведени критериуми во самиот Јавен повик.

Комисијата е составена од седум члена, од кои пет члена од Советот на Општина Карпош на предлог на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избор и именувања и два члена вработени во општинската администрација на Општина Карпош, без право на одлучување, со цел обезбедување техничка поддршка на работата на Комисијата.

**Член 4**

За членови во Комисијата за избор на најдобро уреден ЕКО-училишен двор/катче на основните училишта од територија на Општина Карпош за 2021 година се именуваат:

1. Билјана Костова- член на Советот на Општина Карпош
2. Филип Даскаловски- член на Советот на Општина Карпош
3. Предраг Станковски- член на Советот на Општина Карпош
4. Димитар Оровчанец- член на Советот на Општина Карпош
5. Даниела Штерјова- член на Советот на Општина Карпош

Комисијата за својата работа изготвува Извештај, кој го доставува до Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 5**

На Јавниот повик учествуваат основните општински училишта од територијата на Општина Карпош. Пријавите на основните општински училишта од територија на Општина Карпош да се достават по пошта на адреса: Општина Карпош-Одделение за образование, ул„Радика“ бр.9, Скопје или во Архивата на Општина Карпош.

**Член 6**

Висината на наградите за најдобро уреден ЕКО-училишен двор/катче на основните училишта од територија на Општина Карпош за 2021 година ќе бидат во износ од:

1. 50.000,00 денари- прво место,
2. 30.000,00 денари- второ место и
3. 20.000,00 денари- трето место

**Член 7**

Се задолжува Комисијата од член 4 на оваа одлука да ја спроведе постапката по објавениот Јавен повик за избор на уреден ЕКО-училишен двор/катче на основните училишта од територија на Општина Карпош за 2021 година и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Советот на Општина Карпош и до Градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на финансиска поддршка за најдобрите три избрани Еко-училишни дворови/катчиња на основните училишта од територија на Општина Карпош за 2021 година.

**Член 8**

По завршината постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош.“

**Број: 09-2334/19**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за верификација-именување членови на Советот на Општина Карпош за членови во Комисија за поддршка на ученици за учество на меѓународни натпревари и поддршка на ученици и ментори за учество на натпревари на национално ниво**

1. Се објавува Решението за верификација-именување членови на Советот на Општина Карпош за членови во Комисија за поддршка на ученици за учество на меѓународни натпревари и поддршка на ученици и ментори за учество на натпревари на национално ниво, донесено на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/17**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2021 година, Глава II Проектни активности, точка 11.Поддршка на ученици за учество на меѓународни натпревари и точка 13. Поддршка на ученици и ментори за учество на натпревари на национално ниво („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2020) Советот на Општина Карпош, на педесет и петата седница, одржана на 9 април 2021 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**
**за верификација-именување членови на Советот на Општина Карпош за членови во Комисија за поддршка на ученици за учество на меѓународни натпревари и поддршка на ученици и ментори за учество на натпревари на национално ниво**

1. Со оваа решение, Советот на Општина Карпош, на предлог на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избор и именувања ги верификува- именува членовите на Советот на Општина Карпош, за членови на Комисијата за поддршка на ученици за учество на меѓународни натпревари и поддршка на ученици и ментори за учество на натпревари на национално ниво за 2021 година и тоа:

   - Биљана Костова
   - Наташа Пеливанова
   - Даниела Штерјова

2. Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да донесе Решение за формирање Комисија, во која покрај членовите од точка 1 на ова решение ќе именува 2 члена вработени во општинската администрација на Општина Карпош, без право на одлучување, со цел обезбедување техничка поддршка на работата на комисијата.

3. Примерок од решението да се достави до Градоначалникот на Општина Карпош и до Секторот за дејности од јавен интерес-Одделение за образование, на понатамошно постапување.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број: 09-2334/20**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за верификација-именување членови на Советот на Општина Карпош за членови во Комисија за доделување на награди за најдобар наставник/стручен соработник**

1. Се објавува Решението за верификација-именување членови на Советот на Општина Карпош за членови во Комисија за доделување на награди за најдобар наставник/стручен соработник, донесено на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/18**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2021 година, Глава II Проектни активности, точка 10.Доделување на награди за најдобар наставник/стручен соработник („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2020) Советот на Општина Карпош, на педесет и првата седница, одржана на 9 април 2021 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**
**за верификација-именување членови на Советот на Општина Карпош за членови во Комисија за доделување на награди за најдобар наставник / стручен соработник**

1. Со оваа решение, Советот на Општина Карпош, на предлог на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избор и именувања ги верификува- именува членовите на Советот на Општина Карпош, за членови на Комисијата за доделување на награди за најдобар наставник / стручен соработник за 2021 година и тоа:

   Наташа Пеливанова - член на Советот на Општина Карпош
   Билјана Костова- член на Советот на Општина Карпош
   Зејнел Куч - член на Советот на Општина Карпош
   Даниела Штерјова- член на Советот на Општина Карпош
   Предраг Станковски- член на Советот на Општина Карпош

2. Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да донесе Решение за формирање Комисија, во која покрај членовите од точка 1 на ова решение ќе именува 2 члена вработени во општинската администрација на Општина Карпош, без право на одлучување, со цел обезбедување техничка поддршка на работата на комисијата.

3. Примерок од решението да се достави до Градоначалникот на Општина Карпош и до Секторот за дејности од јавен интерес-Одделение за образование, на понатамошно постапување.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број: 09-2334/21**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за објавување на јавен повик за доделување на награди за најдобар наставник/стручен соработник од основните општински училишта на територија на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за објавување на јавен повик за доделување на награди за најдобар наставник/стручен соработник од основните општински училишта на територија на Општина Карпош, донесена на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/19**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) а во врска со дел II.Проектни активности,Точка10.Доделување на награди за најдобар наставник/стручен соработник од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2021 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2020), Советот на Општина Карпош, на педесет и петата седница, одржана на 9 април 2021 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА
**за објавување на јавен повик за доделување на награди за најдобар наставник/ стручен соработник од основните општински училишта на територија на Општина Карпош**

### Член 1
Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување на постапка за објавување на Јавен повик за најдобар наставник/стручен соработник од основните општински училишта на територија на Општина Карпош за 2021 година.

### Член 2
Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по јавен повик за избор за најдобар наставник/стручен соработник од основните општински училишта на територија на Општина Карпош за 2021 година, објавен на официјалната веб-страна на Општина Карпош.

### Член 3
Постапката за избор на најдобар наставник/стручен соработник од основните училишта на територија на Општина Карпош за 2021 година ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош, според наведени критериуми во самиот Јавен повик.

Комисијата е составена од седум члена, од кои пет члена од Советот на Општина Карпош на предлог на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избор и именувања и два члена вработени во општинската администрација на Општина Карпош, без право на одлучување, со цел обезбедување техничка поддршка на работата на Комисијата.

### Член 4
За членови во Комисијата за избор на најдобар наставник/стручен соработник на основните училишта на територија на Општина Карпош за 2021 година се именуваат:

Наташа Пеливанова - член на Советот на Општина Карпош

Билјана Костова- член на Советот на Општина Карпош

Зејнел Куч - член на Советот на Општина Карпош

Даниела Штерјова- член на Советот на Општина Карпош

Предраг Станковски- член на Советот на Општина Карпош

Комисијата за својата работа изготвува Извештај, кој го доставува до Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 5**

На Јавниот повик учествуваат наставници/стручни соработници од основните општински училишта од територијата на Општина Карпош. Пријавите на наставниците/стручните соработници на основните општински училишта на територијата на Општина Карпош да се достават по пошта на адреса: Општина Карпош-Одделение за образование, ул„Радика“ бр.9, Скопје или во Архивата на Општина Карпош.

**Член 6**

Висината на наградите за најдобар наставник/стручен соработник на основните училишта на територијата на Општина Карпош за 2021 година ќе бидат во износ од:

10.000,00 денари- за најдобар одделенски наставник

10.000,00 денари- за најдобар предметен наставник

10.000,00 денари- за најдобар стручен соработник

**Член 7**

Се задолжува Комисијата од член 4 на оваа одлука да ја спроведе постапката по објавениот Јавен повик за избор на најдобар наставник/стручен соработник од основните општински училишта на територијата на Општина Карпош за 2021 година и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Советот на Општина Карпош и до Градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на финансиска поддршка за најдобрите три избрани наставници/стручни соработници од основните општински училишта на територијата на Општина Карпош за 2021 година.

**Член 8**

По завршината постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош.“

**Број: 09-2334/22**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за давање согласност за објавување на јавен оглас за доделување на финансиска поддршка и парична помош на проекти од областа на родовата еднаквост за физички, правни лица, граѓански здруженија и невладини организации за 2021 година**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за објавување на јавен оглас за доделување на финансиска поддршка и парична помош на проекти од областа на родовата еднаквост за физички, правни лица, граѓански здруженија и невладини организации за 2021 година, донесена на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/20**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со дел II.Проектни активности, Точка 2. Точка 4 и Точка 5 од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2021 година („Службен гласник на Општина Карпош“бр. 24/2020), Советот на Општина Карпош, педесет и петата седница, одржана на 9 април 2021 година, донесе

## ОДЛУКА
**за давање согласност за објавување на јавен оглас за доделување на финансиска поддршка и парична помош на проекти од областа на родовата еднаквост за физички, правни лица, граѓански здруженија и невладини организации за 2021 година**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка и парична помош на проекти од областа на родовата еднаквост за физички, правни лица, граѓански здруженија и невладини организации од Општина Карпош.

**Член 2**

Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас за доделување на финансиска поддршка и парична помош на проекти од областа на родовата еднаквост т.е. еднакви можности на жените и мажите (поддршка на жените кои останале без работа поради пандемијата од Ковид 19, поддршка на еднородителски семејства и промовирање на креативните вредности на жената) за физички, правни лица, граѓански здруженија и невладини организации за 2021 година, објавен во два дневни весника, од кои во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

**Член 3**

Постапката за доделување финансиска поддршка и парична помош на проекти од областа на еднакви можности на жените и мажите за физички, правни лица, граѓански здруженија и невладини организации за 2021 година ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на

Градоначалникот на Општина Карпош .

Комисијата да биде составена од пет члена, од кои два члена од советот на Општина Карпош на предлог на Комисијата за прашања на верификација на мандатни прашања, избори и именувања и три члена вработени во општинската администрација на Општина Карпош.

За членови во комисијата се именуваат:
Од Советот на Општина Карпош:

1. Светлана Пандиловска - Член на Советот во Општина Карпош
2. Елена Антониевиќ - Член на Советот во Општина Карпош

Од Општинската администрација:

1. Виолета Цветковска, координатор за еднакви можности на жените и мажите
2. Игор Ѓуровски, советник за електронски и пишани медиуми
3. Весна Кикова Атанасовска, заменик -координатор за еднакви можности на жените и мажите

Комисијата, за својата работа изготвува Извештај кој го доставува до Градоначалникот на Општина Карпош, со предлог финансиски износ за доделување финансиска поддршка, која не може да биде повисок од 260.000 денари за проектите во трите споменати области.
За проекти од областа на родовата еднаквост за чија реализација е потребен износ над 30.000,00 денари, Советот на Општина Карпош одлучува за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на еднакви можности за физички, правни лица, граѓански здруженија и невладин

сектор за 2021 година, врз основа на усвоената Програма за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2021 година.

**Член 4**

На јавниот оглас можат да учествуваат сите заитересирани физички, правни лица, граѓански здруженија и невладин сектор регистрирани за дејности кои ја опфаќаат дејноста еднакви можности на жените и мажите т.е. родова еднаквост (поддршка на жените кои останале без работа поради пандемијата од Ковид 19, поддршка на еднородителски семејства и промовирање на креативните вредности на жената, а кои со своите програми, проекти и активности придонесуваат за унапредување на родовата еднаквост во општината и пошироко.
Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги бараат средствата. Финансиската проекција на проектите да биде во согласност со начинот на реализација на проектите.
Критериуми за доделување на финансиска поддршка:

- Проекти за поддршка на жените кои останале без работа поради пандемијата од Ковид 19,
- Проекти за поддршка на еднородителски семејства
- Проекти за промовирање на креативните вредности на жената

Заинтересираните физички,правни лица, граѓански здрженија и невладини организации кон апликацијата потребно е да ги достават следните документи:

**ФИЗИЧКИ ЛИЦА:**

- Лична карта, во фотокопија
- Изработен проект,
- Финансиски план на проектот

**ПРАВНИ ЛИЦА:**

- Изработен проект,
- Финансиски план на проектот
- Тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија, не постара од 6 (шест) месеци

**ГРАЃАНСКИ ЗДРУЖЕНИЈА**

- Изработен проект,
- Финансиски план на проектот
- Тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија, не постара од 6 (шест) месеци

**НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ**

- Изработен проект,
- Финансиски план на проектот
- Тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија, не постара од 6 (шест) месеци

**Член 5**

За исплата на финасиската поддршка од член 1 на оваа одлука се предвидени финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2021 година во вкупен износ од 260.000,00 денари.

**Член 6**

Огласот да трае до исцрпување на предвидените финансиски средства неведени во член 5 од оваа Одлука, но со услов реализираниот проект да биде реализиан најдоцна до 31.12.2021 година.

**Член 7**

Се задолжува Комисијата од член 3 на оваа одлука да ја спроведе постапката по објавениот оглас за доделување финансиска поддршка и парична помош на проекти од областа на еднакви можности на жеите и мажите за

физички и правни лица регистрирани за дејности кои ја опфаќаат дејноста образование (поддршка на жените кои останале без работа поради пандемијата од Ковид 19, поддршка на еднородителски семејства и промовирање на креативните вредности на жената) за 2021 година и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Советот на

Општина Карпош и Градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на еднократна финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички, правни лица, граѓански здруженија и невладини организации за 2021 година, во случај доколку се реализирани предметните проекти.

**Член 8**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата на одобрените средства.

**Член 9**

Се задолжуваат сите физички и правни лица чии што барања ќе бидат одобрени и ќе бидат изготвени решенија и договор за доделување финансиски средства за реализација на проекти од областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2021 година, откако ќе им се исплати финансиската поддршка до Општина Карпош да достават детални финанскиски извештаи за потрошените средства, кои во прилог ќе ги содржат следните документи: фактури или фискални сметки со сметко потврди, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 10**

Останатите поединости и прецизирања на условите, ќе бидат објавени во јавниот оглас.

**Член 11**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број: 09-2334/23**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Аеродром, Општина Бутел, Општина Гази Баба, Општина Ѓорче Петров, Општина Карпош, Општина Кисела Вода, Општина Сарај, Општина Центар, Општина Чаир и Општина Шуто Оризари за реализација на систем за паметно осветлување и патформа за дигитален град-Смарт Сити**

1. Се објавува Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Аеродром, Општина Бутел, Општина Гази Баба, Општина Ѓорче Петров, Општина Карпош, Општина Кисела Вода, Општина Сарај, Општина Центар, Општина Чаир и Општина Шуто Оризари за реализација на систем за паметно осветлување и патформа за дигитален град-Смарт Сити, донесена на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/21**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36 и член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), Советот на Општина Карпош на педесет и петата седница, одржана на 9 април 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Аеродром, Општина Бутел, Општина Гази Баба, Општина Ѓорче Петров, Општина Карпош, Општина Кисела Вода, Општина Сарај, Општина Центар, Општина Чаир и Општина Шуто Оризари за реализација на систем за паметно осветлување и патформа за дигитален град-Смарт Сити**

**Член 1**

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Аеродром, Општина Бутел, Општина Гази Баба, Општина Ѓорче Петров, Општина Карпош, Општина Кисела Вода, Општина Сарај, Општина Центар, Општина Чаир и Општина Шуто Оризари и се утврдува начинот, условите, финансирањето и другите прашања за заедничка цел и интерес за финансиско учество за имплементирање на систем за паметно осветлување и платформа за дигитален град-Смарт-Сити на јавни површини, паркови, плоштади, основни и средни училишта, културни институции и јавни институции на подрачјето на општините во градот Скопје.

**Член 2**

Средствата неопходни за реализација на оваа Одлука, се обезбедени од Буџетот на Град Скопје и истите ќе се користат исклучиво за намената утврдена во член 1 на оваа Одлука, согласно прописите со кои се уредува изградбата на таков тип објекти.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука градоначалникот на Град Скопје ќе склучи договор со градоначалниците на општините во градот Скопје, во форма и

содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка, меѓу кои ќе се определат локациите на кои ќе се поставaт памнетни столбови.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2334/24**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за финансиско учество за реконструкција на дел од улица Загребска**

1. Се објавува Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за финансиско учество за реконструкција на дел од улица Загребска, донесена на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/22**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 1 и член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинската соработка („Службен весник на Република Македонија“бр.79/09) и Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за финансиско учество за реконструкција на дел од улуца Загребска бр.27-2766/1 од 30.03.2021 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр.2/2021), Советот на Општина Карпош, на педесет и петата седница, одржана на 9 април 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за финансиско учество за реконструкција на дел од улица Загребска**

**Член 1**

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје и се уредува начинот, условите и други прашања заради остварување на заедничка цел и интерес за финансиско учество за реконструкција на дел од улица „Загребска“ која се протега на територија на Општина Карпош потег од скалите за поврзување со улица „Леринска“ (почеток на коловозот од коцката) до влезот на детската болница „Козле“ (завршеток на коловозот со коцката).

**Член 2**

Град Скопје во остварувањето на соработката ќе учествува со финансиски средства обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2021 година во износ од 10.000.000,00 денари со ДДВ Средствата за реализација на оваа Одлука се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2021 година, и истите ќе се користат исклучиво за намената утврдена во член 1 од оваа Одлука и во согласност со прописите со кои се уредува градба на таков тип објекти.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука Градоначалникот на општина Карпош ќе склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2334/25**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за прифаќање на донација од Друштво за трговија и услуги СЦМ РЕТАИЛ ДООЕЛ Скопје**

1. Се објавува Одлуката за прифаќање на донација од Друштво за трговија и услуги СЦМ РЕТАИЛ ДООЕЛ Скопје, донесена на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/23**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и врз основа на одредбите од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на Општина Карпош, на педесет и петата седница, одржана на 9 април 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за прифаќање на донација од Друштво за трговија и услуги СЦМ РЕТАИЛ ДООЕЛ Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Карпош во својство на прималел на донација ја прифаќа понудата за донацијата бр.11-1526/1 од 01.03.2021 година од Друштво за трговија и услуги СЦМ РЕАТИЛ ДООЕЛ Скопје.
Предмет на оваа одлука е донација во смисла на доброволна и безусловна помош во добра во вид на изградба на Зелена зона – урбан јавен простор пред трговскиот центар Скопје Сити Мол, кој простор ќе се наоѓа помеѓу булеварот „Партизански одреди“ и улицата „Љубљанска“ на површина од околу 865 $м^2$.
На предметниот простор ќе биде изграден јавен парк кој подразбира хортикултурно уредување, засадување на тревни површини и разни насади, поставување клупи, елементи на детско игралиште и урбана опрема, со следната спецификација:

1. Припремни работи – 489.610,00 денари
2. Земјени работи – 895.535,00 денари
3. Бетонски работи – 1.403.780 денари
4. Арматура – 848.600,00 денари
5. Браварски работи – 545.750,00 денари
6. Подополагачки работи – 434.250,00 денари
7. Столарски работи – 481.028,00 денари
8. Разни работи – 24.404.117,00 денари
9. Електрика – 450.180,00 денари
10. Хортикултура – 1.582.500,00 денари

Вкупна вредност на донацијата изнесува 31.535.351,00 денари.

**Член 2**

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Предметот на оваа одлука е дефиниран во член 1 од истата – изградба на јавен парк кој подразбира хортикултурно уредување, засадување на тревни површини и разни насади, поставување клупи, елементи на детско игралиште и урбана опрема.

**Член 4**

Цел на донацијата е остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес.

**Член 5**

Примателот на донацијата, во соработка со Град Скопје, ќе превземе активности согласно надлежностите на Град Скопје, пред започнување на планираните активности да ги дислоцира сите објекти кои физички се наоѓаат на просторот предвиден за изградба на Зелена Зона како што се билборди, урбана опрема, паркинг места за велосипеди.

Примателот на донацијата нема да ги дислоцира поставените елементи од Зелената зона, ниту пак да врши пренамена на предметната површина.

Примателот на донацијата нема да додава елементи на урбана опрема и друга соодветна опрема во Зелената Зона, без изречна согласност од СЦМ Ретаил.

**Член 6**

Давателот на донацијата се обврзува да ја чува, сервисира и одржува целокупната донација, предмет на оваа одлука, 20 години по поставување на истата.

**Член 7**

Се задолжува Секторот за правни работи на Општина Карпош да изготви Договор за донација, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните органи во Република Северна Македонија.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2334/26**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за давање согласнот за времено отстапување на користење движни ствари-мотоцикл без странична приколка и мопед сопственост на Општина Карпош на Полициска станица од општа надлежност Карпош**

1. Се објавува Одлуката за давање согласнот за времено отстапување на користење движни ствари-мотоцикл без странична приколка и мопед сопственост на Општина Карпош на Полициска станица од општа надлежност Карпош, донесена на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/24**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и Барањето од Полициска станица од општа надлежност Карпош бр.09-2358/1 од 02.04.2021 година, Советот на Општина Карпош, на педесет и петтата седницата, одржана на 9 април 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласнот за времено отстапување на користење движни ствари-мотоцикл без странична приколка и мопед сопственост на Општина Карпош на Полициска станица од општа надлежност Карпош**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за времено отстапување на користење движни ствари-моторцикл без странична приколка и мопед сопственост на Општина Карпош, со цел навремено и поефикасно извршување на работните задачи на Полициска станица од општа надлежност Карпош, со следните технички карактеристики:

**1. Вид: моторцикл без странична приколка**

- Марка: SYM
- Тип: **JET14 200**
- Година на производтсво: **2019**
- **Број на мотор: XS1P58QMK 19001391**
- Број на шасија: **LXMXCA501KXA21138**
- Регситарска ознака: **SK 5794 AV**
- Изминати километри**: 0**
- Боја:црна/20

**2. Вид:Мопед**

- Марка:SYM
- Тип: **SYMPHONY ST50**
- Година на производтсво: **2019**
- **Број на мотор: XS1P37QMA-2A 19002401**
- Број на шасија: **LXMXBA101KXA19623**
- Регситарска ознака: **SK 3570 BC**
- Изминати километри**: 0**
- Боја: бела/01

**Член 2**

Моторциклот без странична приколка и мопедот од член 1 на оваа одлука се отстапуваат на времено користење за период од 2 години.

**Член 3**

Горивото за користење на возилата за периодот наведен во член 2 од оваа одлука, како и одржувањето, редовното сервисирање на мопедот и моторциклот без приколка од член 1 на оваа Одлука, паѓаат на товар на Полициска станица од општа надлежност Карпош.

**Член 4**

Се задолжува Полициска станица од општа надлежност Карпош да ги врати отстапените движни ствари наведени во член 1 од оваа одлука на Општина Карпош, по изминување на периодот од две години, односно заклучно со 9 април 2023 година.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2334/27**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Заклучок за усвојување Извештај од Комисијата за спроведување и објавување оглас и спроведување на постапка за доделување финансиска подршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни покривачи на станбени згради за колективно домување**

1. Се објавува Заклучок за усвојување Извештај од Комисијата за спроведување и објавување оглас и спроведување на постапка за доделување финансиска подршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни покривачи на станбени згради за колективно домување, донесен на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/25**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 13; член 36, став 1, точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), член 190, член 191,член 192 и член 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош (Службен гласник на Општина Карпош број 3/2006), а во врска со Записник за констатација бр.11-1666/1 од 03.03.2021 година и Извештај бр.11-1666/2 од 03.03.2021 година, Советот на Општина Карпош на педесет и петата седница, одржана на 9 април 2021 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување Извештај од Комисијата за спроведување и објавување оглас и спроведување на постапка за доделување финансиска подршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни покривачи на станбени згради за колективно домување**

1. Се усвојува Извештајот од Комисијата за спроведување и објавување оглас и доделување финансиска подршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни покривачи на станбени згради за колективно домување бр.11-1666/2 од 03.03.2021 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-2334/28**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за утврдување на приоритетна инвестиција за под-проект „Реконструкција на линиски објект-реконструкција на улица „Париска“ Општина Карпош Скопје**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на приоритетна инвестиција за под-проект „Реконструкција на линиски објект-реконструкција на улица „Париска“ Општина Карпош Скопје, донесена на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/26**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 2, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), Договорот за заем за финансирање на проектот за поврзување на локлани патишта помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка со број 9034-МК од 23.12.2019 година („Договор за заем“) и во согласност со Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за алоцирање на средства од Договорот за заем за проект за поврзување на локални патишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.33 од 10.02.2020 година), Советот на Општина Карпош, на педесет и петата седница, одржана на 9 април 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на приоритетна инвестиција за под-проект „Реконсктрукција на линиски објект-реконструкција на улица Париска“ Општина Карпош Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука, Советот на Општина Карпош дава согласност и го утврдува како приоритетна инвестиција под-проектот „Реконсктрукција на линиски објект-реконструкција на улица Париска“ Општина Карпош Скопје, изработен од „МГ ПРОЕКТ“ Дооел Скопје.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2334/29**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за давање согласност за одобрување и овластување на Градоначалникот на Општина Карпош да го потпише договорот за имплементација со Министерство за транспорт и врски за под-проект „Реконсктрукција на линиски објект-реконструкција на улица „Париска“ Општина Карпош Скопје**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за одобрување и овластување на Градоначалникот на Општина Карпош да го потпише договорот за имплементација со Министерство за транспорт и врски за под-проект „Реконсктрукција на линиски објект-реконструкција на улица „Париска“ Општина Карпош Скопје, донесена на педесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 9 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2515/27**
**Датум: 12.04.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 2, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), Договорот за заем за финансирање на проектот за поврзување на локлани патишта помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка со број 9034-МК од 23.12.2019 година („Договор за заем“), во согласност со Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за алоцирање на средства од Договорот за заем за проект за поврзување на локални патишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.33 од 10.02.2020 година) и врз основа на Предлог-Одлуката за утврдување на приоритетна инвестиција за под-проект „Реконструкција на линиски објект-реконструкција на улица „Париска“ Општина Карпош Скопје донесена на педесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош, Советот на Општина Карпош, на педесет и петата седница, одржана на 9 април 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за одобрување и овластување на Градоначалникот на Општина Карпош да го потпише договорот за имплементација со Министерство за транспорт и врски за под-проект „Реконсктрукција на линиски објект-реконструкција на улица „Париска“ Општина Карпош Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука, Советот на Општина Карпош дава согласност за одобрување и овластување на Градоначалникот на Општина Карпош да го потпише договорот за имплементација со Министерство за транспорт и врски за под-проект „Реконсктрукција на линиски објект-реконструкција на улица Париска“ Општина Карпош Скопје, кој се утврдува како приоритетна инвестиција.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2334/30**
**Датум: 09.04.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

1. Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Карпош за 2021 година, со Заклучок за објавување
2. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во обласа на образованието за 2021 година, со Заклучок за објавување
3. Програма за изградба на спортска сала - затворен пливачки базен, Општина Карпош Скопје,
4. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт ССИ 03, Блок 02, Општина Карпош и Општина Бутел, Скопје, со Заклучок за објавување
5. Одлука за давање согласност за започнување постапка за давање под закуп на дел од Адреналински парк-Карпош (High rope) - Општина Карпош, со Заклучок за објавување
6. Одлука за одобрување финансиска помош за оперативен зафат, со Заклучок за објавување
7. Одлука за одобрување финансиски средства како финансиска помош за лекување во странство, со Заклучок за објавување
8. Одлука за одобрување финансиски средства на „Здружени на психотерапија и едукација АМИГДАЛА“, за изготвување и реализација на проектот „Превентивна програма за работа со деца во градинките за надминување на последиците од разводот на родителите“ од областа на детска, социјална и здравствена заштита, со Заклучок за објавување
9. Решение за давање согласност на Одлуката за формирање комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца во јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Општина Карпош-Скопје, со Заклучок за објавување
10. Решение за давање согласност на Одлуката за формирање комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Општина Карпош-Скопје, со Заклучок за објавување
11. Решение за давање согласност на Одлуката за формирање комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца во јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Општина Карпош-Скопје, со Заклучок за објавување
12. Решение за давање согласност на Одлуката за формирање комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца во јавната установа општинска детска градинка „Распеана младост“ Општина Карпош-Скопје, со Заклучок за објавување
13. Решение за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-приватна детска градинка „Малиот Принц“ Скопје, со Заклучок за објавување
14. Решение за разрешување и именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“ Општина Карпош Скопје, со Заклучок за објавување
15. Решение за номинирање и верификација на членови за формирање на Комисија за изработка на Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието (МИО) и младинско учество на Општина Карпош за Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО), со Заклучок за објавување
16. Одлука за објавување јавен повик за најдобро уреден ЕКО-училишен двор/катче на основните општински училишта од територијата на Општина Карпош, со Заклучок за објавување
17. Решение за верификација-именување членови од Советот на Општина Карпош за членови во Комисијата за поддршка на ученици за учество на меѓународни натпревари и поддршка на ученици и ментори за учество на натпревари на национално ниво, со Заклучок за објавување

18. Решение за верификација-именување членови од Советот на Општина Карпош за членови во Комисија за доделување награди на најдобрите наставници/стручни соработници во основните општински училишта од територијата на Општина Карпош, со Заклучок за објавување
19. Одлука за објавување јавен повик за доделување награди на најдобрите наставници/стручни соработници во основните општински училишта од територијата на Општина Карпош, со Заклучок за објавување
20. Одлука за давање согласност за објавување на јавен оглас за доделување на финансиска поддршка и парична помош на проекти од областа на родовата еднаквост за физички и правни лица за 2021 година, со Заклучок за објавување
21. Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Аеродром, Општина Бутел, Општина Гази Баба, Општина Ѓорче Петров, Општина Карпош, Општина Кисела Вода, Општина Сарај, Општина Центар, Општина Чаир и Општина Шуто Оризари за реализација на систем за паметно осветлување и платформа за дигитален град-Смарт сити, со Заклучок за објавување
22. Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за финансиско учество за реконструкција на дел од улица Загребска, со Заклучок за објавување
23. Одлука за прифаќање донација од СЦМ Реатил Дооел Скопје, со Заклучок за објавување
24. Одлука за давање согласнот за времено отстапување на користење движни ствари-мотоцикл без странична приколка и мопед, сопственост на Општина Карпош на Полициска станица од општа надлежност Карпош, со Заклучок за објавување
25. Заклучок за усвојување Извештај од Комисијата за спроведување и објавување оглас и спроведување на постапка за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективно домување бр.11-1666/2 од 03.03.2021 година, со Заклучок за објавување
26. Одлука за утврдување на приоритетна инвестиција за под-проект „Реконскструкција на линиски објект-реконструкција на улица Париска“ Општина Карпош Скопје, со Заклучок за објавување и
27. Одлука за давање согласност за одобрување и овластување на Градоначалникот на Општина Карпош да го поптише договорот за имплементација со Министерство за транспорт и врски за под-проект „Реконскструкција на линиски објект-реконструкција на улица Париска“ Општина Карпош Скопје, со Заклучок за објавување.

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**